РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1788/1
04.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Радиодифузерите кои се во Регистрите на ДИК за ППР**

**За:** **Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Предмет:** **Потсетување на обврските за доставување снимки за платеното политичко рекламирање**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Изборниот законик ја обврзува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги потврди извештаите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на радиодифузерите за време на изборната кампања, кои се составен дел на документацијата врз основа на која Државната изборна комисија ја врши исплатата на средствата од Буџетот на државата за оваа намена.

Согласно Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година), Агенцијата ќе ги потврди извештаите за реализирани услуги **само врз основа на претходно направени анализи на доставените документи од ваша страна и на снимките од емитуваното платено политичко рекламирање.**

Во овој контекст ве потсетуваме дека според Изборниот законик сте должни да го снимате излезниот сигнал на својата програма и снимките да ги чувате најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да доставите снимки или други податоци поврзани со медиумското претставување за изборниот процес, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето.

Бидејќи, Агенцијата во својот систем за мониторинг има снимки од повеќе програмски сервиси, засега **снимки, само за реалните часови во кои ќе емитуваат ППР, треба да доставуваат следниве радиодифузери:**

| ТЕЛЕВИЗИИ | РАДИЈА |
|---|---|
| ТВ Протел | Радио Тајм ФМ |
| ТВ Кочани | Радио Експрес |
| ТВ Канал 8 | Радио Блета |
| ТВ Свет | Радио Плеј Струга |
| | Радио ЏИ Гостивар |
| | Радио МЕФФ |
| | Радио Кочани |
| | Радио Валандово |
| | Радио Б97 Битола |
| | Радио Ла Коста Виница |
| | Радио Хит Радио Струмица |
| | Радио Супер Радио Охрид |
| | Радио 7 Тетово |
| | Радио Холидеј Прилеп |
| | Радио Плусфорте Радио |
| | Радио Јехона Куманово |
| | Радио Пела Прилеп |
| | Радио Кисс Тетово |
| | Радио Мерак 5 ФМ Велес |
| | Радио Бум Куманово |
| | Радио Голди Велес |
| | Радио Кавадарци |

Сите други радиодифузери ќе доставуваат снимки по потреба, за периодите за кои ќе им биде побарано од страна на Агенцијата.

Видео снимките треба да бидат направени во форматите „MPEG-4“ или „AVI“, а радио снимките во форматот „MP3“. Снимките треба да се прикачуваат исклучиво на FTP серверот креиран од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во насловот на секоја аудио или видео снимка треба да стојат следните податоци: краткото име на радиодифузерот, датумот и реалниот час на кој се однесува (на пример, од 10:00 до 11:00 часот). Во прилог на овој допис ви испраќаме и упатство со насоки за работа со овој софтвер.

За потребите на мониторингот на платеното политичко рекламирање, радиодифузерите треба веднаш да не информираат на електронската адреса izbori@avmu.mk кога ќе започнат со емитување на платено политичко рекламирање на нивните програми. На истата електронска адреса радиодифузерите треба да ги доставуваат склучените договори за емитување ППР, како и реализираните медиа планови од емитуваното платено политичко рекламирање, за период од 2-3 дена, во обрасците подготвени од страна на Државната изборна комисија.

За сите прашања поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање може да ги контактирате:

- Огнен Неделковски (за радијата) – на телефон 072212686 или на е-маил: o.nedelkovski@avmu.mk и izbori@avmu.mk
- Виктор Стојанов (за телевизиите) – на телефон: 078431949 или на е-маил: v.stojanov@avmu.mk и izbori@avmu.mk
- Марина Трајкова (за телевизиите) – на телефон: 078814990 илио на е-маил: m.trajkova@avmu.mk и izbori@avmu.mk

За сите технички прашања поврзани со FTP серверот и прикачувањето на снимки може да ги контактирате:

- Арѓенд Џелили на телефон 070327991 или на е-маил: argjend.xhelili@avmu.mk
- Горјан Шекеринов на телефон 072303973 или на е-маил: gorjan@avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**